


**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Докторот по ветеринарни науки Георги (Џорџ) Бранов потекнува од село Буф, Леринско,
Егејска Македонија. Тој е роден
на 13 јуни 1944 година во виорот на Втората светска војна, кога грчките власти ги**

**прогонувале Македонците од своите корени во Егејска Македонија**

Инаку, Егејска Македонија опфаќа голем дел од Долна Македонија. Од вкупната површина на Македонија, егејскиот дел на Македонија зафаќа 34,153 километри квадратни, половина од цела Македонија. На север се граничи со Вардарска и Пиринска Македонија, каде што се денешните граници на Грција спрема север, на запад се граничи со Албанија и Епир, од кои ја делат планините Иван и Пинд. На југ границата достига до Тесалија, од која се разделува со планините Камвунија, Пиерија и Олимп заплисната од Егејското Море, а на исток до реката Места.

Националниот состав на населението во егејскиот дел има претрпено големи етнички измени, особено по Балканските војни и по поделбата на Македонија. До Балканските војни македонското население во Егејска Македонија било најбројно. Македонците под грчка власт биле и сè уште се подложени на асимилација и присилна емиграција, со единствена цел да се измени етничкиот состав на Македонија.

Меѓутоа, Македонците не само што постоеле, постојат, туку и ќе постојат, зашто не е лесно да се искорени еден народ таму каде што живеел со векови и покрај насилството и денационализацијата.

Таков е случајот со Георге Бранов кој е роден во село Буф, Леринско, Егејска Македонија. Како и голем број македонски семејства,за време на граѓанската војна неговата фамилија се преселила во Битола, во Република Македонија. Таму Бранов го започнал своето образование и таму му се отвориле патиштата кон иднината.








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**